**Извадок од прес конференција одржана 16 Декември 2010 година по повод 7 миот СОСТАНОК НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД**



Првите резултати од аплицирањето за ИПАРД во Македонија се многу добри, спроведувањето на европската претпристапна програма генерално е на добар пат, но за нејзино уште поуспешно реализирање треба да се вклучат сите засегнати страни, порачаа претставниците од Европската комисија по денешниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

-Досега се реализирани за средствата од ИПАРД Програмата два јавни повика, истакна Тони Димовски, Директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. На првиот Јавен повик за кој предвидените финансиски средства изнесуваа вкупно 24.320.000 ЕУР, кумулативен буџетски износ за 2007-2009 година, беа доставени 133 барања.

Се склучија 27 договори за проекти вредни 3,8 милиони евра, односно беше побаран кофинансиран износ од 1,9 милиони евра.

Од нив веќе 5 инвестиции се реализирани и до Агенцијата доставени се барањата за исплата. Во тек се финалните контроли на терен за овие инвестиции. Се очекува првите исплати на овие средства да се извршат во јануари 2011 година, со интезивирање на исплатата за останатите проекти заклучно со мај-јуни, или по истекот на потребниот период на реализација на инвестицијата.

На вториот јавен повик за 40 милиони евра доставени се 112 апликации и тоа за Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за постигнување на стандардите на Европската Унија 67 барања, за мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија 25 барања и за мерката 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности пристигнати се 20 барања за користење на средства од ИПАРД Програмата.

Вкупната вредност на инвестициите по примените барања изнесува околу 14 милиони евра, со вкупна сума за кофинансирање од околу 6,7 милиони евра.

Во тек е административната обработка на овие барања.